Национална агенција
за европски образовни програми
и мобилност

In YOUTH ACTION

# Млади во акција



Приклучи се!

Youth in Action Programme

www.na.org.mk

АКЦИЈА 1.1 – МЛАДИНСКИ РАЗМЕНИ
ЦЕЛИ НА ПОДАКЦИЈАТА
КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА
БРОЈ НА ПРОМОТОРИ
КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ УЧЕСНИК ВО МЛАДИНСКИ РАЗМЕНИ
МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА АКТИВНОСТА
ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТОТ
ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА АКТИВНОСТА
АКЦИЈА 2 – ЕВРОПСКИ ВОЛОНТЕРСКИ СЕРВИС
ШТО Е ЕВС
ЗОШТО ДА СЕ БИДЕ ВОЛОНТЕР
ПРИЧИНИ ЗОШТО ДА СЕ ВОЛОНТИРА
ЗОШТО ВАШАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ДА УЧЕСТВУВА ВО ЕВС
ЕВС МОЖЕ ДА ОВОЗМОЖИ НА ВАШАТА ОРГАНИЗАЦИЈА
ШТО Е ЕВС
КОИ СЕ ПАРТНЕРИТЕ ВО ЕДЕН ЕВС ПРОЕКТ
МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА АКТИВНОСТА
КОИ СЕ МОЖНИТЕ СТРУКТУРИ НА ПРОЕКТОТ
БРОЈ НА ВОЛОНТЕРИ
КОЈ МОЖЕ ДА УЧЕСТВУВА
ПОД – АКЦИЈА 4.3 ОБУКА И ВМРЕЖУВАЊЕ
ЦЕЛИ НА ПОДАКЦИЈА 4.3
КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА
АКТИВНОСТИ ПОДРЖАНИ ОД ПОД – АКЦИЈА 4.3 ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТ
ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА АКТИВНОСТА

This project has been funded with support from the European Commission.

This publication [communication] reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

**Почитувани,**



Ми претставува огромно задоволство да Ви се обратам преку оваа публикација со цел да Ви ги приближиме можностите што ги нудат европските образовни програми.

Образованието е клучен инструмент за социјална трансформација на општеството, клучна сила на демократизацијата и развојот на граѓанското општество, основен елемент на економскиот развој, мобилност на работната сила, како и средство за интеграција во меѓународните економски текови. Европските програми за образование и обука целат кон напредно образование кое ќе биде основа за одржлив економски развој, повеќе и подобри работни места и поголема социјална кохезија, односно кон општество базирано на знаење.

Мобилноста на корисниците на програмите овозможува размена на искуства и знаења, добри практики, стекнување на нови вештини, комуникација и креирање на мрежи на европско ниво, во насока на унапредување на општествата во кои работат и делуваат. Сето ова ќе допринесе кон создавање на покомпетитивна работна сила во Македонија.

Учеството на Република Македонија во програмите на ЕУ претставува значајна поддршка на евроинтегративните процеси и ја отсликува македонската ЕУ перспектива. Ние во Националната агенција сме целосно посветени на унапредување на македонскиот образовен систем, промовирање на активно граѓанство на младите, создавање на подобри можности за сите и подигнување на квалитетот на животот.

Убеден сум дека Вашето учество во образовните програми на ЕУ ќе допринесе во Вашиот личен и професионален развој, како и кон отворање на нови перспективи за институциите во кои што работите. Преку обуките и работата во рамките на проектите на образовните програми на ЕУ ќе стекнете непроценливи вештини и знаења што ќе бидат клучни за трансформацијата на македонскиот образовен систем.

Нашиот тим Ви стои на располагање за сите Ваши прашања поврзани со програмите што ги управуваме.

Директор на Национална Агенција за
европски образовни програми и мобилност

Дарко Димитров

## АКЦИЈА 1.1 – МЛАДИНСКИ РАЗМЕНИ

### ЦЕЛИ НА ПОДАКЦИЈАТА

Младинските размени овозможуваат на една или на повеќе групи млади луѓе да бидат домаќини или гости на друга група млади од друга земја, со цел да учествуваат во заедничка програма на активности. Овие активности вклучуваат активно учество на млади луѓе и се дизајнирани за да ја активираат нивната свест за различната социјална и културна реалност, да учат едни од други и да го засилат своето чувство на европска припадност.

Во зависност од бројот на инволвирани земји, младинските размени може да бидат билатерални, трилатерални или мултилатерални. Билатералните младински размени се оправдани, особено кога промоторите првпат учествуваат во еден европски проект или кога учесниците, во овие размени, се малубројни локални групи кои немаат претходно искуство на европско ниво.

### КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА

- Непрофитна организација или асоцијација;
- Локално, регионално или национално јавно тело, активно во младинска работа;
- Неформална група млади.

Доколку аплицира неформална група, во тој случај, едно лице (претставникот на групата) ја презема одговорноста за доставување на апликацијата и за потпишување на договорот за финансискиот грант.

Секој промотор/апликант мора да биде претставник од Програмска земја.

## БРОЈ НА ПРОМОТОРИ

При поднесување апликација за Билатерални младински размени е потребно партнерство помеѓу двајца промотори од различни Програмски земји, од кои минимум едниот е од земја на ЕУ.

## КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ УЧЕСНИК ВО МЛАДИНСКИ РАЗМЕНИ

Во Младинска размена може да учествуваат млади на возраст од 13 до 25 години, кои се жители на некоја од Програмските земји. Само мал број учесници може да бидат постари од 25 години, но не повеќе од 30 години на крајниот датум на аплицирање. Минимален број учесници кој е задолжителен за секоја Младинска размена е 16 лица. Максимален дозволен број учесници за Младинска размена е 60 лица. Лидерите на групите не се вклучени во минимален и во максимален број дозволени учесници.

Секоја група на учесници мора да биде балансирана во поглед на бројот на учесници, што значи:

- Во билатерални проекти, во секоја група мора да има најмалку 8 учесници;
- Во трилатерални проекти, во секоја група мора да има најмалку 6 учесници по група;
- Во мултилатерални проекти, во секоја група мора да има најмалку 4 учесници по група.

## МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА АКТИВНОСТА

Активноста мора да се одржи во Република Македонија.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТОТ

Времетраењето на проект за Младинска размена, вклучувајќи подготовка, имплементација, евалуација и постпроектни (follow-up) активности, може да изнесува максимум до 15 месеци.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА АКТИВНОСТА

Активноста може да трае од 6 до 21 ден, исклучувајќи ги деновите за патување.

Youthpass

Секој учесник во Младинска размена има право да добие Youthpass, сертификат во кој се опишува и валоризира стекнатото искуство на неформално учење. Преку Youthpass, Европската комисија обезбедува признавање на стекнатото искуство преку неформално учење во рамките на програмата “Млади во акција”.

## АКЦИЈА 2 – ЕВРОПСКИ ВОЛОНТЕРСКИ СЕРВИС

## ШТО Е ЕВС

Програмата “Млади во акција”, преку Акција 2 - Европски волонтерски сервис – ЕВС, поддржува реализација на неформални образовни проекти кои овозможуваат:

- Подобра мобилност;
- Можност за меѓукултурно учење;
- Активна социјална партиципација;
- Личен и професионален развој;
- Можност на младите луѓе да се запознаат со европските вредности, како солидарност, различност и еднаквост со младите луѓе од цела Европа и пошироко.

## ЗОШТО ДА СЕ БИДЕ ВОЛОНТЕР

Волонтерството е еден од најефикасните инструменти за неформално учење на младите луѓе. Преку волонтерството, младите луѓе, на неформален начин, се здобиваат со нови знаења и вештини. Истовремено, имаат можност да се соочат со различни меѓу културни предизвици и да се здобијат со нови лични искуства, проширување на нивните видици, можност да научат повеќе за себеси и пред се, да се развијат во здрави личности. Волонтерската работа има позитивен ефект кај волонтерите но, истовремено, работата и услугите на волонтерите придонесуваат за развој на општеството, локалната заедница каде што се одвива волонтерската работа, организациите и најважно од се, допринесуваат за самиот проект.

## ПРИЧИНИ ЗОШТО ДА СЕ ВОЛОНТИРА

- Зголемување на јавната свест;
- Учење преку работа/обука;
- Здобивање/стекнување на самодоверба;
- Откривање на сопствените таленти;
- Градење/создавање разум/чувство на независност;
- Зголемување на личните социјални контакти;
- Развивање вештини;
- Здобивање со работно искуство;
- Зголемување на можностите за професионален развој;
- Развој на работни вештини и поголема конкурентност при наоѓање на работно место;

## ЗОШТО ВАШАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ДА УЧЕСТВУВА ВО ЕВС

Европскиот волонтерски сервис има за цел да го развие волонтерскиот сервис во поширок европски контекст.

## ЕВС МОЖЕ ДА ОВОЗМОЖИ НА ВАШАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

- да изгради партнерство со организации низ цела Европа;
- да се развие институционално;
- да овозможи одлични можности за личен развој (усовршување) на многу млади луѓе од Вашата земја или на млади луѓе од други земји кои ќе волонтираат во Вашата земја.

Со испраќањето волонтери во странска земја во Акција 2- ЕВС, Вашата организација може да им овозможи на вашите локални волонтери, или други млади луѓе од вашата земја или заедница:

- да работат и да живеат подолг период (2- 12 месеци) во друга европска земја;
- да се запознаат со нови луѓе од друга земја;
- да разменат искуства;
- да научат повеќе за различни култури;
- да ги видат убавините и предизвиците на различни делови од Европа;
- да го проширите и да го поддржите развивањето на Вашата организација во полето на меѓу културно учење, неформално учење, работење со млади луѓе или други таргет групи;
- да воспостави нова соработка и размена на искуства со партнер организациите од Европа.

Вашата организација може да прими волонтер од странство што, секако, може да помогне на развојот на локалната заедница каде што работи

организацијата, преку размена на добри практики и на искуства кои ги има волонтерот од земјата од каде што доаѓа. Волонтерската работа на млади луѓе од други земји може исто така да помогне во градењето отворен однос кон различните култури, религии и други идентитети. Покрај тоа, со примањето волонтер од друга држава, Вашата организација има можност да ја засили меѓународната соработка, да ја збогати својата работа и да ја зголеми мотивацијата и интересот на своите волонтери и членови со кои работи. Волонтерот преку волонтерските активности, може да донесе во Вашата организација нови иновативни идеи и меѓу културни елементи кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на Вашите секојдневни организациски активности.



## ШТО Е ЕВС

ЕВС ја претставува Акција 2 од програмата „Млади во акција".

Со Програмата која ја нуди ЕВС, младите луѓе можат да поминат од 2 до 12 месеци во друга европска земја, како волонтери, и да бидат вклучени во проектните активности на локално ниво во различни области. Волонтерите во ЕВС проектите учествуваат во активности на различни полиња:

- животна средина;
- уметност и култура;
- активности со деца, со млади луѓе или со постари лица;
- културно наследство;
- вклучување на младите во спортски активности и
- и многу други теми кои се актуелни помеѓу младите луѓе.

## КОИ СЕ ПАРТНЕРИТЕ ВО ЕДЕН ЕВС ПРОЕКТ

Секој ЕВС проект и активност се возможни, исклучително преку партнерство помеѓу следните учесници во проект:

- Еден или повеќе волонтери;
- Една или повеќе организации (испраќачи);
- Една или повеќе организации (домаќини);
- Една организација координатор (апликант), која може да биде (но, и не мора) една од организациите испраќач или домаќин.

Секој проект се планира, имплементира и евалуира во соработка со сите вклучени партнери.

## МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА АКТИВНОСТА

Активноста мора да се одржи во една од земјите на партнерите кои учествуваат во проектот.

## КОИ СЕ МОЖНИТЕ СТРУКТУРИ НА ПРОЕКТОТ

ЕВС активноста вклучува најмалку:

- една организација-испраќач;
- една организација-домаќин;
- еден волонтер.

Времетраење на ЕВС активноста која се одржува во друга европска земја:

најмалку 2 месеца;

максимум траење од 12 месеци (исклучувајќи ги подготовките и евалуацијата).

Во случај во активноста да се вклучени млади луѓе со помали можности, ако се целосно оправдани, дозволено е минумум траење на активноста од 2 недели.

## БРОЈ НА ВОЛОНТЕРИ

Кој било ЕВС проект и која било ЕВС активност може да вклучат:

најмалку 1 волонтер;

најмногу до 10 волонтери.

## КОЈ МОЖЕ ДА УЧЕСТВУВА

Може да учествувате во еден проект од ЕВС ако припаѓате на една од следниве групи:

- Млади луѓе на возраст помеѓу 18 и 30 години;
- Непрофитни младински организации;
- Други непрофитни организации, асоцијации и структури кои имаат искуство во полето на млади и неформално учење.

**Многу важно !!!! - Секој ЕВС проект и ЕВС активност мора да вклучуваат најмалку една организација од земја-членка на ЕУ.**

За повеќе информации обратете се на следниот линк:
http://ec.europa.eu/youth/youth-in-action-programme/doc82_en.htm

## ПОД – АКЦИЈА 4.3 ОБУКА И ВМРЕЖУВАЊЕ

Соработка и партнерство, обука и размени на добри практики и искуства се клучни во развивањето на младинските организации, граѓанското општество и тие што се инволвирани во младинската работа.

Проектите во Под - акција 4.3 Обука и вмрежување се многу важни за развивање идна соработка со организациите. Тие овозможуваат на организациите -партнери да научат за начинот на кој што работат и да ги истражат и анализираат можностите за развивање проекти во иднина.

## ЦЕЛИ НА ПОДАКЦИЈА 4.3

Под - акција 4.3 ја поддржува обуката за сите оние кои се активни во областа на младинската работа и младинските организации на ова поле, особено лидери на проекти, младински работници и на лица за мониторинг на овие проекти. Исто така, се поддржува размената на искуства, експертиза и добри практики помеѓу оние кои се активни во младинската работа и младинските организации, како и активностите кои може да доведат до основање долготрајни, висококвалитетни проекти.

## КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА

Еден од партнерите на Проектот за обука и вмрежување дејствува како координатор / домаќин, аплицира во името на партнерството / проектот. Апликацијата може да ја поднесе:

- Здружение на граѓани и фондации;
- Локално, регионално или национално јавно тело, вклучено во младинска работа;
- Неформална група млади.

Секој партнер во проектот може да биде претставник од Програмска земја (ЕУ, ЕФТА, ХРВАТСКА, ТУРЦИЈА, ШВАЈЦАРИЈА И МАКЕДОНИЈА).

## АКТИВНОСТИ ПОДРЖАНИ ОД ПОД – АКЦИЈА 4.3 ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1.Учење на работното место со набљудување;

2.Практична посета;

3.Состанок за евалуација;

4.Студиска посета;

5.Активност за градење на партнерства;

6.Семинар;

7.Курс за обука

**1. УЧЕЊЕ НА РАБОТНО МЕСТО СО НАБЉУДУВАЊЕ** (практично учење за стекнување искуство) - Краток престој во партнер - организација во друга земја, со цел да се размени добра пракса, да се стекнат вештини и знаење и/или градење долготрајни партнерства преку директно набљудување.

**2. ПРАКТИЧНА ПОСЕТА** - Краток состанок со потенцијалните партнери за да се истражи и/или подготви потенцијален транснационален проект. Практичните состаноци имаат за цел да ја подобрат и да ја развијат соработката и/или да се подготват за иден проект во рамките на програмата „Млади во акција".

3. **СОСТАНОК ЗА ЕВАЛУАЦИЈА** - Состанок кој е планиран со партнерите, со цел да се направи евалуација на претходни состаноци, семинари, курсеви за обука. Ваквите состаноци им помагаат на партнерите да ги оценат и да дискутираат за потенцијалните последователни активности откако ќе се зафатат со заеднички проект.

4. **СТУДИСКА ПОСЕТА** - Организирана студиска програма, за краток период, која нуди преглед на младинската работа и/или одредбите на младинската политика во една земја. Студиската посета е фокусирана на одредена тема и се состои од посети и состаноци за различни проекти и организации во одредена земја.

5. **АКТИВНОСТ ЗА ГРАДЕЊЕ БАРТНЕРСТВА** - Настан кој е организиран за да им се овозможи на учесниците да најдат партнери за транснационална соработка и/или за развој на проект. Притоа се поврзуваат потенцијалните партнери и се олеснува развојот на нови проекти на одредена избрана тема и/или акција во рамките на програмата „Млади во акција".

6. **СЕМИНАР** - Настан кој е организиран за да се обезбеди платформа за дискусија и размена на добри практики, врз основа на теоретски информации околу избрана тема или теми кои се релевантни на полето на младинската работа.

7. **КУРС ЗА ОБУКА** - Образовна програма за учење конкретни теми, која има за цел да ги подобри способностите, знаењето, вештините и ставовите на учесниците. Курсевите за обука водат кон висококвалитетна практична работа во областа на младинската работа, генерално и/или поконкретно за проекти од програмата „Млади во акција".

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТ

Секој проект може да трае минимум 3 месеци и максимум 18 месеци

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА АКТИВНОСТА

Вклучително сите активности кои се достапни од оваа Под – акција, може да траат од 2 до 20 работни денови (не вклучувајќи ги деновите за патување).

Youthpass

Секој учесник во Младинска размена има право да добие Youthpass, сертификат во кој се опишува и валоризира стекнатото искуство на неформално учење. Преку Youthpass, Европската комисија обезбедува признавање на стекнатото искуство преку неформално учење во рамките на програмата “Млади во акција”.

За повеќе информации погледнете во Повикот за апликации и неговиот анекс за соодветната година објавен на интернет страната на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

www.na.org.mk





Национална агенција
за европски образовни програми
и мобилност